MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-1537/4
19-06-2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 17-та седница одржана на ден 22.05.2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата предметот со број 12-1537/1 од 07.03.2019 година ќе го достави на надлежно постапување на Државниот инспекторат за труд при Министерството за труд и социјална политика на РСМ.

Предметот со број 12-1537/1 од 07.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на ДКСК.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-1537/1 од 07.03.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – физичко лице.

Добиената пријава содржи наводи за незадоволство од извршен избор на кандидати и неправилности во постапка за вработување спроведена по јавен оглас за вработување на кандидати во ЈЗУ Општа болница Велес, објавен на ден 27.09.2018 година.

На седницата, по разгледување на сите наводи на предметниот пријавен случај, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган и оцени дека ДКСК нема надлежност да се произнесува по однос на истите, а предметот со број 12-1537/1 од 07.03.2019 година ќе го достави на надлежно постапување на Државниот инспекторат за труд при Министерството за труд и социјална политика на РСМ.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk